





# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ЛИКОВЕН КОНКУРС ВО ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“

Учениците од шесто до деветто одделение од ООУ „Вера Циривири Трена“од Карпош, на оригинален начин го одбележаа Денот на вљубените, „Свети Валентајн“. На иницијатива на наставничката по ликовно образование Лилјана Ружиновска, беше организирана работилница од натпреварувачки карактер, односно ликовен конкурс на кои конкуренцијата беше навистина голема. Жири-комисијата, составена од наставниците Лилјана Ружиновска и Наташа Јовковска и педагог Светлана Шајноска, имаа полни раце работа во изборот на најкреативните цртежи при што ги доделија следните награди: Мартина Деспиновска од осмо одделение го освои првото место на овој конкурс, седмооделенката Ангела Дошеновиќ беше второ наградена и Христина Сенковска од осмо одделение го освои третото место.


сто Мартина Деспиновска VIIIб


II место Ангела Дошеновиќ VIIб


III место Христина Сенков

# ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ОД ДЕЦАТА ОД ОУ „ЈАХЈА КЕМАЛ“

**Учениците од основното училиште „Јахја Кемал“, денеска, во хуманитарниот пункт во општинските простории јадонираа својата помош до другарчињата од поплавените подрачја во државата. Со полни кеси трајни производи, пакети вода и средства за хигиена, тие дадоа сопствен придонес во борбата против последиците од големите поплави кои ги зафати изминатиот период источните делови на Македонија. Основците, кои ги примија вработените од Одделението за социјална, детска и здравствена заштита, им поделија по една картичка со благодарност за хуманоста и солидарноста. Донацијата од учениците од ОУ „Јахја Кемал“, заедно со општинската донација, се испрати во кризните делови на државата. Камионот со помош ќе тргне од ООУ „Лазо Трповски“, со надеж дека секој пакет вода, средства за хигиена и трајни производи делумно ќе им помогнат на настраданите семејства во Македонија.**





# КАРПОШ ЈА ИСПРАТИ ПОМОШТА ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ



Тргна камионот полн со кебиња, вода, трајна конзервирана храна, хигиенски средства и производи потребни за настраданите, од хуманитарната акција која што ја организираше локалната самоуправа од Карпош. Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски посака ова да биде последно лошо кои и се случува на државата. - Граѓаните од општина Карпош заедно со локалната самоуправа, собраа над осум тони вода, околу две илјади парчиња хигиенски средства, над 1.500 парчиња конзервирана храна, како и повеќе од 1.300 парчиња останати прехранбени производи. Сѐ што е наполнето во овој камион ќе биде наменето за жителите во општината Чешиново-Облешево . Помошта од Карпош ќе им биде предадена на тамошните локални власти, а тие пак, ќе ја распределат на настраданите граѓани. Жал ми е што во 21-от век се случуваат вакви стихии и поплави кои што им носат несреќа на граѓаните, но сепак, ние треба да сме тие кои колку-толку ќе се потрудиме да им помогнеме. Покрај ова, Советот на општина Карпош на следната седница треба да донесе одлука со која ќе се издвојат и парични средства од буџетот на Општината, како и од средствата на самите советници од сите советнички групи за помош на поплавените.

Предложено е да биде издвоен половина од нивниот паушал за граѓаните кои се наоѓаат во поплавените подрачја – истакна Јакимовски кој потсети дека на овие граѓани треба да им се помага и натаму во наредниот период при реконструкција на нивните домови и објекти. Хуманитарната акција на општина Карпош траеше една недела со што Карпош уште еднаш ја покажа својата солидарност и хуманост на дело. На 36 пункта, во 14-те урбани заедници на територија на општина Карпош, како и во сите основни училишта и градинки, граѓаните имаа можност да ја остават својата донација и да дадат поддршка на своите граѓани од поплавените региони.





# ЧЕТИРИ МЕДАЛИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КАРАТИСТИ ВО ЦИРИХ

Македонската репрезентација на Европското првенство во карате за кадети и јуниори, кое се одржа во Цирих во почетокот на месец февруари се закити со четири медали. Тие им припаднаа на Вероника Костовска која освои златен медал, сребрен медал изборі Петар Заборски и два бронзени медала им припаднаа на Моника Пендаровска и Сара Радичевска. Овие млади каратисти се членови на „Макпетрол“, еден од најуспешните клубови на нашите простори, а двајца носители на медали Заборски и Радичевска се и поранешни спортски стипендисти на Општина Карпош. На Европското првенство во Цирих учествуваа 924 натпреварувачи од 47 земји, а македонската репрезентација го освои деветтото место во вкупниот пласман. Најдобри земји-учеснички беа Франција, Италија и Турција.



# “ЗЕЛЕН“ ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОШКО ОДНЕСУВАЊЕ




Секторот за животна средина при општина Карпош, во соработка со Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко-Логик“, денеска одржаа обука на претставници од сите десет основни училишта на територија на Карпош за тоа како да се дојде до чиста околина и почист воздух. Проектот „Биди зелен и дојди на училиште на еколошки начин“, има за цел да ја подигне јавната свест за климатските промени, а крајна таргет група се учениците од петто до шесто одделение кои ќе бидат обучувани од денешните посетители на обуката. Освен тоа во проектот ќе се претстават и нови и креативни начини на учење кај младите за теми од животната средина и за поддобри разбирање и подигање на знаењето на младите на тема енергетска ефикасност, климатски промени, одржливо живеење, рециклирање и редуцирање. За да биде воздухот чист, Здружението за заштита на животната средина „Еко-Логик“, апелира до граѓаните, а пред се до децата во училиштата да научат како да дишат свеж воздух и да не ја загадуваат околината. Одгледување домашни растенија, исклучени електрични апарати од струја како и користење на својот велосипед и пешачење, беа дел од советите кои беа презентирани пред присутните.

# "БУКВИ И ЗБОРОВИ" НИЗ ЦРТЕЖИ



(20.02.2015) По повод Светскиот ден на мајчиниот јазик, ООУ „Лазо Трповски", беше домаќин на училишен ликовен настан, во организација на Одделението за спорт и култура при општина Карпош. Најталентираните основци во ликовниот израз, од шестто до деветто одделение, од десетте основни училишта на територија на Карпош, учествуваа во изработката на цртежи со колаж на тема „букви и зборови". По пет ученика од секое училиште, здржени во заеднички ликовен тим, преку креативни идеи, создадоа оригинални уметнички дела кои потоа беа изложени во холот на ООУ „Лазо Трповски". Ликовниот хепенинг беше збогатен со поетските стихови на познатите автори Душко Кралевски и Љубинка Донева, а на ликовните ментори и поетите им беа доделени благодарници за придонесот во реализацијата на овој настан.

# ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ - 400.000 ДЕНАРИ ПОМОШ

**Освен големата донација во вода за пиење, конзервирана храна и средства за хигиена, која граѓаните на Општина Карпош ги донираа за поплавените во источниот дел на Македонија, односно за општината Чешиново-Облешево, денес Советот на Општината одобри уште 400.000 денари финансиска помош за подрачјата кои настрадаа во последните поплави. Оваа одлука едногласно беше донесена на денешната 30-та седница на Советот на Карпош со која е одлучено 300.000 денари да бидат издвоени од Буџетот на Општината а 100.000 денари се донација од советниците од сите советнички групи кои за оваа намена еднократно се откажаа од своите паушали. На денешната седница советниците на Карпош донесоа уште неколку значајни одлуки од сферата на урбанизамот, како измените и дополнувањата на урбанистичкиот план вон населеното место „Ски-Водно“ Блок 3 и ДУП за градска четврт 3 08. Од денес престана со работа и ЈП за дистрибуција на природен гас, „КАР-ГАС“ и за него е назначен ликвидатор.**

**На дневен ред беа и дваесеттина извештаи за реализација на програмите на сите сектори во Општината во текот на минатата 2014 година кои беа усвоени од советниците, а беше донесена и одлука за субвенционирање на енергетско ефикасни згради. Со усвојување на Деловникот за работа на Советот на млади, младите и официјално ќе почнат да присуствуваат на седниците на советот на Карпош и да учествуваат во процесот на одлучување на локалната власт. На денешната седница „виза“ доби и кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општината,а објектот во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“со гласот на советниците ќе биде даден на приватен концесионер по економски цени на киријата, кој пак, за возврат, ќе изврши целосна реконструкција на градинката**



# ТРАДИЦИОНАЛНО СЛАВЕЊЕ НА СВ. ТРИФУН

Градончалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски на ден (14.02.2015) на традиционален начин, со закројување на лозјата го одбележа празникот св. Трифун. Имено, тој денес беше гостин на организациониот одбор за одбележување на празникот на винарите од Нерези. Со музика и традиционална трпеза заеднички со своите сограѓани градоначалникот Јакимовски посака оваа година лозјата да бидат преполни со род и да се пие убаво вино.



